## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петнаесеттото продолжение на Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,49 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Данаил Дончев, Љубчо Георгиевски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Насер Ајдини, Гоце Марковски, Борис Кондарко, Лазар Китановски, Мери Младеновска - Ѓорѓиевска, Али Ахмети, Рафис Алити, Џеват Адеми, Блерим Беџети, Марјан Додовски, Горан Мисовски, Фијат Цаноски и Владо Бучковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Пред да започнеме со дневниот ред на седницата, имам чест и навистина огромно задоволство да ги поздравам учениците на Колеџот "Јахја Кемал". Тие се присутни овде сите на галеријата и ве повикувам да ги поздравиме.

(Аплауз).

Продолжуваме со претрес по текстот на **Предлогот на законот за високото образование.**

Од вчера имаме уште двајца говорници, госпоѓа Весна Јаневска не е присутна.

Има збор Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Дозволете ми од оваа говорница да го поздравам присуството на учениците од Колеџот "Јахја Кемал" кои беа гости денеска на Комисијата за образование, наука и спорт. Меѓу нив има ученици кои освоиле златни медали, сребрени и бронзени медали на меѓународни натпревари што нас не прави особено горди и се надевам дека ова ќе го имаме во предвид кога ќе ги носиме законите за основно и средно образование, дека треба посебно внимание да обрнеме за условите во кои што нашите талентирани деца се школуваат во Република Македонија. Јас им честитам на сите, им посакувам уште поголеми успеси во иднина и се надевам дека ќе не направат да бидеме уште повеќе горди на нив и на Република Македонија, особено кога се натпреваруваат на меѓународни натпревари.

Со амандманот се предлага претседателот на Агенцијата за евалуација да го избираат членовите на Агенцијата за евалуација од свои редови со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, а претседателот нормално би требало да ја претставува и застапува Агенцијата за евалуација. Многу зборувавме во изминатиов период за одредени решенија кои што се прилично проблематични во Законот за високо образование, а кои што сериозно ја нарушуваат автономијата на Универзитетот. Исто така, сериозно го нарушуваат независното функционирање на Универзитетот и едноставно не оставаат оние членови кои што во самиот закон се дефинирани како независни и самостојни органи да функционираат без политичко и институционално влијание при нивната работа. Ако остане решението Ректорот да не биде од редот на вработените на Универзитетот, а истовремено да ги бира и разрешува деканите на факултетите кои што понатаму ќе имаат можност да вршат селекција на кадрите во високо образовните институции, ако остане решението претседателот на Одборот за акредитација да го бира Владата и ако остане, како што ќе остане, бидејќи министерот не го прифаќа решението, претседателот на Агенцијата за евалуација исто така да го бира Владата, да го именува Владата на Република Македонија.

Почитувани колеги од парламентарното мнозинство, вие можеби и ми се лутевте и сега можеби ми се лутите за мојата констатација, меѓутоа не ми останува ништо друго, туку уште еднаш да заклучам дека во Република Македонија се етаблира режимот на Милошевиќ и тоа не само во високото образование, туку со овој закон уште еднаш на законски начин се врши директна контрола на високото образование, се нарушува неговата автономија и со тоа се исполнува уште една желба на премиерот Груевски да контролира се што не е во надлежност на Владата на Република Македонија. Се воведува полека, но сигурно партиски систем во Република Македонија, апсолутистички систем, тоталитарен систем по примерот на режимот на Милошевиќ, кој што не морам да објаснувам како заврши. Трагедијата е тоа што оваа Влада и ова парламентарно мнозинство за жал ќе остане запаметена по тоа. Ние можеме да зборуваме уште една недела, можеме да зборуваме уште еден месец, меѓутоа јас сум убедена дека тоа нема да има никакво влијание на одлуката на парламентарното мнозинство и дека ќе го прифати она што претставува желба на премиерот Груевски, а тоа е воведување на апсолутистички, односно тоталитарен систем по теркот на ВМРО-ДПМНЕ.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика има господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги и колешки, почитувани гости од галеријата на Собранието. 2005 година заради споредбата што почитуваната колешка Грковска веќе на повеќе наврати се обидува да ја наметне, во 1998 година кога е укината автономијата на Белградскиот универзитет што е преседан во европски рамки, Радикалната партија на Србија беше коалиционен партнер и таа акција ја викаа Шешељова акција за укинување на

Универзитетот. Зошто го кажувам ова? 2005 година таа Република Србија го донесе Законот за високо образование со 138 амандмани. Значи, 21 амандман повеќе од нашите. Меѓутоа, и со радикалите како опозиција во тоа Собрание за пет дена успеаа да го донесат Законот за високо образование. Ако продолжиме со ова темпо, ова е 15-то продолжение како расправаме за Законот за високо образование. Рекордот е 20 продолженија за Законот за полиција. Не наоѓам никаква допирна точка меѓу Законот за високо образование и Законот за полиција, освен по онаа позната мисла од Лав Николаевиќ Толстој, дека ако денес професорот зема лоша плата, утре државата ќе треба да плати десет полицајци повеќе. И никаква друга поврзаност помеѓу овие два закони.

Бидејќи колешката не се осврна на амандманот, а амандманот беше за Агенцијата за евалуација на образованието. Сакам да и спомнам дека ги разгледав внимателно сите конститутивни тела за агенции за евалуации што ги има во Западно - Европската унија и земјите аспиранти во Западно - Европската унија. И ќе нагласам, дека никаде, ниту во препораките на Европскиот комитет за високо образование, ниту во препораките од ЕНКА, Асоцијацијата за квалитет на образованието не стои начинот на кој што треба да се избираат членовите на Агенцијата за евалуација. Напротив, оние земји кои што се сметаат според Европскиот комитет за високо образование дека имаат независни тела за оценка на квалитетот на работата на образованието во најголем дел имаат претставници кои што се директно предложени или од министрите, или министерот за образование, или од Влада, или од други државни институции. Примерот на Норвешка, примерот на Полскиот универзитет од Краков кој што беше така речиси наш ментор во првите чекори за евалуација на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј”. И ова што денес, вчера и завчера го гледаме, или го слушаме како амандмани во забелешките од првите луѓе на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” никаде не стои како принципиелна забелешка. Луѓето од Универзитетот”Свети Кирил и Методиј” имаат други забелешки дека Агенцијата за евалуација треба да има свој печат, дека треба да бидат строго дефинирани средствата од кои се финансира итн.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван колега, каков закон за високо образование ќе излезе од овој законодавен дом единствено зависи од пратениците во Собранието на Република Македонија. Секој може да има различни сугестии. Конечната одлука е на пратениците најмногу од парламентарното мнозинство, заради тоа што реално имаат моќ да променат нешто. Ние можевме законот да го донесеме за неколку дена, ако бевте во салата постојано цело време, ако не ве чекаме по еден час на почеток секој ден да почнеме со седницата, заради тоа што не можете да обезбедите кворум и со нас во салата и ако секој ден не моравме да завршуваме со работа во 15,30 или 16,00 часот, заради тоа што ве нема во салата и не сте заинтересирани за работа и за дебата.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам сите пратеници кои сеуште не влегле во салата, да повелат да влезат во салата затоа што не очекува гласање.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата има кворум)

Амандманот го ставам на гласање.

Сега ве повикувам на гласање, бидејќи има мнозинство пратеници во салата.

Гласале 62 пратеника, 10 пратеници гласале за, воздржано 1, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 74 за менување на став 8, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 7 пратеници гласале за, 3 воздржано, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 77 за додавање нов став 1 пред ставот 1 и на ставовите 2 и 3, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот е од техничка природа. Ова е од тие амандмани кои што Младинскиот образовен форум ги достави до нас и во негово име ги поднесовме.

Амандманот е од техничка природа и го прецизира текстот на законот, во кој се дефинира што е евалуацијата и која е нејзината цел.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, господине Герамитчиоски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 9 пратеници гласале за, 1 воздржано, 47 против.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата во моментот на гласање.

Има точно 61 пратеник во салата, гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 77 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Славица Грковска..

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифати амандманот и според тоа, текстот на амандманот станува составен дел од Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 82 став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 7 пратеници гласале за, нема воздржано, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 83 за бришење на став 5, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифати амандманот, според тоа, текстот на амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 91 за бришење на став 1, поднесен од пратеникот Фијат Цановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 3 пратеници гласале за, 1 воздржано, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 99 за бришење на став 3, поднесен од пратениците Теута Арифи, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Ајше Селмани, Селвије Ссалиу, и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 7 пратеници гласале за, 1 воздржано, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 101 став 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Амандманот го подобрува текстот или го допрецизира, бидејќи станува збор за стручно образование покусо од три години. На една од министерските конференции, на која верувам министерот присуствувал, наложено е особено после конференцијата во Берген земјите потписнички на Болоњската декларација да имаат пофлексибилен став во дефинирање и редефинирање на нивните студиски програми или со поедноставни зборови кажано, ако некој стекне образование неакадемско, значи покусо од бројот на годините кои се дефинирани во овој закон за Бечалар, за Мастер, или за ПХД да се даде диплома за одредена вештина, знаење и тоа мора да биде уредено не само со статутот на Универзитетот, туку треба да биде и во согласност со националната рамка на квалификации која ние никако не можеме да ја донесеме, тапкаме во место, но се надевам дека тие напреднале во таа фаза. Во таа национална рамка на квалификации треба да бидат дефинирании сите степени на звања кои ќе бидат верификувани со соодветна диплома, сертификат или некое уверение итн. Ова помага да се допрецизира текстот и не знам зошто се одбива. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 7 пратеници гласале за, нема воздржано, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 103 за додавање два нови ставови 8 и 9 по ставот 7, поднесен од пратеникот Фијат Цановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 5 пратеници гласале за, еден воздржано, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 105 став 6, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 5 пратеници гласале за, еден воздржано, 49 против.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Гласањето не е валидно, затоа што во моментот на гласањето имаше само 60 пратеници.

Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во салата да влезат во салата и да ги заземат своите места.

(Во салата влегуваат неколку пратеници)

Бидејќи сега имаме мнозинство, ќе го повториме гласањето.

Значи амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, за гласале 5 пратеници, воздржано 3, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 106 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете имате збор.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Овој амандман го поднесов на барање на голем број на млади стручни кадри кои се врботени на факултетите и универзитетите во Република Македонија, а кои се отидени на магистерски и докторски студии надвор од државата, или на одредени програми на високо образовни институции надвор од државата, а кои траат подолго од периодот кој оваа држава може да им го даде како оправдано отсуство. Од такви прижини до сега сме се соочиле многу пати со проблемот на задржување на овие кадри во Република Македонија и од чисто законски пречки сме се довеле воситуација да им дадеме отказ на многу млади кадри кои се запишани на студии надвор од Република Македонија, а кои заради тоа што траат подолго од времето кое им е дозволено за отсуство од матичната институција мораат да ја напуштат матичната институција за да го завршат своето образование.

Мислам дека Република Македонија не е во ситуација од такви причини така лесно да се откажува од кадрите во кои инвестирала, инвестирала во нивното образование и во нивното знаење и наместо да најде механизми како да ги привлече да ги задржи и да ги врати назад, да ги принуди нивното знаење да го инвестираат во развојот на Република Македонија, заради тоа што ние нема да го прифатиме овој амандман, ние нема да им овозможиме на оној мал број кадри кои имаат потреба од подолг престој од нормални причини, заради тоа што нивниот престој трае подолго од онолку колку што законот може да им овозможи, да ги изгубиме и на тој начин неповратно да се откажеме од младиот интелектуален потенцијал во кој Република Македонија инвестирала.

Се надевам дека парламентарното мнозинство ќе има разбирање. Тука не станува збор, за никаква злоупотреба или манипулација, едноставно станува збор за излегување во пресрет на оние млади кадри кои заради непостоење на вакво решение можат да добијат и отказ од матичните институции само за да можат да ги довршат своите студии надвор од државата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодрам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 8 пратеници гласале за, нема воздржано, 46 против.

Ги молам службите да достават точен број на пратеници во моментот на гласањето.

Гласањето е валидно, во моментот на гласањето имавме 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 107 став 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Јас би ве повикал повторно да размислите. Прочитајте го добро амандманот и текстот и за пратениците да биде појасно.

Значи, станува збор за член кој што го дефинира пренесување на кредитите усвоени во студирањето.

Пишува вака: Поблиски критериуми и услови за пренесување на кредитите и условите за преминување меѓу студиските програми се уредуваат со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната високообразовна установа, односно со договорот склучен меѓу високообразовните установи. Ние зборуваме за кредит трансфер систем. Јас предлагам значи, пред да се вметне, се уредуваат со општ акт на интеруниверзитетската конференција, Универзитетот, односно на самостојната високообразовна установа.

Ви се молам, ако ние не можеме да направиме унификација внатрешна помеѓу сега 4 државни универзитети и пет приватни универзитети, кои што меѓусебе на интеруниверзитетска конференција ќе ги одредат правилата на игра за размена на студентите со одредени кредити, тоа е кредит трансфер систем, како тогаш ќе се надевате дека некој од странство ќе ги прифати кредитите дефинирани за префрлање на странска високообразовна институција. Толку е логично и толку е јасно и прецизно и пратно, што не можам да сфатам зошто не се прифаќа. Ако остане вака, тогаш која е меѓусебната координација помеѓу универзитетите и високообразовните институции за да ги прифатат кредитите. Овде сте напишале со договор склучен меѓу високообразовните установи. Зошто да се склучуваат билатерални меѓусебни договори помеѓу две високообразовни установи кога интеруниверзитетската конференција постои заради тоа. Интеруниверзитетската конференција е собир на универзитетите на кои што се дефинираат правилата на игра, меѓу кои дипломасаплемент, значи, како заедничката диплома да изгледа, кои заеднички ставови ќе ги изградат во поглед на политиката на градење на развој на универзитетите во високото образование, препорачување на критериумите итн.

Еден валиден аргумент да слушнам зошто тоа да не биде така, јас ќе го повлечам амандманот.

Но мислам дека ова ја преминува границата и дека и да сака човек да помогне во допрецизирање на некои одредби кои што во иднина во законот ќе внесат забуна, вие не сакате никаква помош. Не знам која е вашата заложба. Ако е проблем дека и од наша страна предложено, кажете го, ќе го прифатиме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

**Тале Герамитчиоски:** Ако добијам аргумент, ќе го повлечам.

**Љубиша Георгиевски:** Да, да. Точно така, условено беше.

Значи, бидејќи повеќе нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 17, воздржано 2, против 41.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 113 за додавање нов став по ставот 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифати овој амандманот. Според тоа, текстот на амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 114 став 5, поднесен од пратениците Теута Арифи, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Ајше Селмани, Селвие Салију и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифати амандманот. Според тоа, текстот на амандманот станува сотавен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 116 став 7, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Господине министре, уште еден логичен потег. Значи, да биде поблиску за пратениците за што станува збор, во членот 116 се дефинира диплома и додаток на диплома. Диплома саплемент. Тоа е обврска од Болоњската декларација, или реформите во високото образование во кој што студентот кога ќе заврши, покрај дипломата треба да добие и додаток на диплома, во кој што се дефинирани поблиското подрачје на негово студирање, бидејќи со новите реформи, всушност студентот може преку модуларен пристап да си бира потесни специјалности, кои што треба да бидат дефинирани во додатокот на диплома.

Сега, јас ве уверувам на милион состаноци со универзитетите во кои што се сугерираше одредени измени во Законот за високо образование, да се допрецизира додатокот на диплома како документ, се сугерираше тоа да биде унифициран пристап кој што стручно универзитетите ќе го усогласат на интеруниверзитетска конференција. Сега, што смета овде што јас предлагам содржината и формата на дипломата и упатството за подготовска на додатокот на диплома и на други јавни исправи определени со овој закон, ги пропишува министерот надлежен за работи на високото образование во продолжение на предлог на интеруниверзитетската конференција. Па господине министре, како вие ќе донесете акт за додаток на диплома. На предлог на правната служба или на некој во Министерството. Да, ама не се подразбира каде ги вклучувате универзитетите во кое ниво ги вклучувате универзитетите да дадам предлог. Ви се молам, се коси со други одредби во членот на законот. Начин на студирање. За прв пат сега се воведува модуларен пристап. Значи, или џоинг дигри диплома. Значи, ќе може студентот да студира на два факултети истовремено. Сака поблиска специјалност, која што ја нема како студиска програма на еден факултет. Започнува да студира на тој факултет, на другиот факултет си избира предмети кои што потесната специјалност ќе му ја отвори. Затоа постои додаток на диплома. Кој тоа ќе го определи. Тоа потесно подрачје, или тие предмети кои што ги зел и треба да бидат содржина на тој документ. Некој од Министерството, администрацијата? Или универзитетот треба на конференција на која што ќе бидат факултетите со своите претставници да го дефинираат тоа и да го усогласат. Ако не сакате тоа да се подобри, тоа е.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, за гласале 8, воздржано 1, против 45.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 129 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа со мала корекција и ќе гласи: “за помлад асистент на Медицински, Стоматолошки и Фармацевски факултет, може да биде избрано лице кое има завршено академски циклус од прв степен со најмалку 300 кредити, со просечна оцена од најмалку 8, кој активно владее со еден од странските јазици и покажува способност за научно наставна, односно научностручна дејност”.

**Љубиша Георгиевски:** Се согласувате ли госпоѓо Јаневска со оваа корекција.

**Весна Јаневска:** Да, се согласувам.

**Љубиша Георгиевски:** Тогаш можеме да го сметаме амандманот за прифатен и текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 130 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам господине претседателе, почитуван министер, јас ве молам уште еднаш да го преиспитате вашиот став, бидејќи ова се два амандмани кои се поврзани еден со друг, значи кои се однесуваат стриктно на Медицинскиот факултет. Едниот се однесува за помлад асистент, а вториот се однесува за асистент и мислам дека ако се потсетите на амандманот ќе видите дека е логично еден по друг двата да бидат прифатени и ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Сулејман Рушити:** Ги испомешавме, има доста амандмани.

Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Значи овој амандман се прифаќа и станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 136 ставови 1 и 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Не ни очекував дека ќе го прифатите, бидејќи треба брзо да продуцирате кадри во високото образование со повисок степен на звање. Треба да се поставаат ректори, декани, кои што треба по законот да имаат повисок степен на звање. Тоа е веќе наредниот бран кој што се очекува. Во овој амандман значи го дефинира времето потребно за преминување во повисок степен на звање. Ајде да не употребам погрешен збор, да ме кара претседателот, во секоја земја со подолга традиција, која што држи до одреден квалитет во високото образование, преминување во повисок степен на звање, претставува една макотрпна работа, чекор по чекор, скалило по скалило, и е свечен чин на прогласување на наставникот во повисок степен на звање во кој што јавно се презентираат сите негови достигнувања во изминатите пет години. Само кај нас во последниве години одредени лица го користеа овој член и значи, половина од времето за кој што се избрани едвај чекаа да завршат две ипол години и за пет години станувaa од доценти до редовни професори, со брзо трчање крос. Сега јас предлагам да биде дветретини од времето за кое што се избрани.

Значи, добра си беше одредбата во законот во кој што беше прецизирано дека на предлог на две институции со исклучителни резултати во својата област треба да биде. Ама никој тоа не го почитуваше. Или имаме желба за квлитет, или немаме желба за квалитет. Значи, ова беше дебатирано и со експертите од Советот на Европа, кои што беа согласни нешто да се промени во овој дел.

Мене ми е совршено јасно, зошто тоа не го прифаќате. Целиот текст на законот е така составен за да се исполитизира високото образование, да се донесат други луѓе однадвор, кои што наврат нанос со брза постапка ќе добијат свои звања. Повеќе ништо не ме зачудува, но ајде да ги направиме последните обиди, барем на јавноста да и соопштиме дека се боревме за зачувување на дигнитетот на високото образование и квалитетот кој што досега постоеше.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине претседателе.

Сметам дека навистина, владеачкото мнозинство треба да го преиспита својот став, бидејќи министерот го одби амандманот. По однос на овој амандман веќе зборувавме, неколку пати и јас дека навистина се случи злоупотреба на законот во Република Македонија во овие 18 години на независност, каде што одреден број на лица кои се вработени во високото образование прекутрупа добија одредени звања, не дека е прекршен законот, но навистина беше злоупотребен. Во самиот закон има обврска кон оние кои сакаат да одат во повисоко звање, кои треба да ги остварат таа обврска или тие обврски да ги остварат, за да можат да преминат во повисоко звање.

Едно од тие е на пример е дека треба да бидат објавени неколку или повеќе трудови во реномирани индексирани списанија. Можеби во општествените науки тоа може побрзо и полесно, не знам, за тоа ќе си кажат тие што таму се наоѓаат. Јас одговорно тврдам дека во егзакните науки, како што е на пример медицината, не е можно за половина од периодот да се исполнат условите за да се скрати периодот.

Значи, ако сакате сериозно да сработите еден стручен, научен или истражувачки труд, не можете тоа да го направите во половина од периодот кој е предвиден од едно во друго звање и се разбира, тие добиваат на тежина колку е повисоко звањето.

Поради злоупотребите кои повеќе пати беа овде нагласени, сметам дека она што се бара во амандманот е сосема разумно. Повторно останува можноста за скратување на оние кои исклучително многу се истакнале во својата област, со својата работа и со придонесот кој го дале за развој на институцијата или областа во која работат, така да, зголемувањето на времето на дветретини, според мене е сосема разумно и

јас лично сметам дека овој амандман треба да се прифати и јас ќе го подржам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Имате збор или реплика госпоѓо Грковска? (Збор)

Повелете имате збор.

**Славица Грковска:** Имајќи предвид какви се решенијата во законот, ова е едно од оние решенија, кои што оди во прилог на нашите аргументи дека одредени законски решенија не се во функција на подобро функционирање на високообразовните институции и нивната автономија, туку напротив, се во функција за задоволување на одредени лични апетити на партиски членови на партиите на владеачката гарнитура и заради тоа сум убедена дека пратеничката група на НСДП, што денеска не е присутна, не се противи на ваквите решенија, заради тоа што претпоставувам дека тоа е еден дел од колачот кој што треба да го распредели со ВМРО-ДПМНЕ, во име на зачувување на коалицијата.

Јасно е дека станува збор за веќе познати решенија на владеачката коалиција за тоа кои ќе бидат ректори, кои стручни лица на универзитетите ќе бидат побрзо унапредени за да може брзо да се ефектуира инсталацијата на ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и НСДП во високото образование и да направи чистка по теркот на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Валентина Божиновска се јавувате за збор или за реплика?

Барате збор, повелете имате збор.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Јас мислам дека членот 136 може да биде еден од најригидните членови, односно член што во овој миг на универзитетите во Република Македонија може да создаде така наречена фабрика за именување на нови соработници, асистенти, редовни професори, всушност доценти, вонредни професори и редовни професори.

Мислам дека во ниту една пракса, на било која европска држава, или ако сакате во светот не постои толку многу флоскула во делот каде што вели дека по иницијатива на два институса или на меѓународни признати списанија. Ве молам, од хуманистичките студии, студиите од драматургијата, од областа на филозофијата, од областа на филолошките науките, од археолошките науки е многу страшно да изберете кои се тие важни меѓународни списанија со понатомошно синтирање, односно со инпакт факторот во кој можат два институти тоа веднаш, по автоматизам, два институти ќе дадат предвреме за да помине од вонреден во редовен, но класификацијата, односно детерминацијата на тоа што е меѓународно признато списание е многу опасна замка.

Навистина мислам дека колегата Тале Герамитчиоски има одличен амандман, за кој што треба да размислиме, да не се случи наеднаш фабрика на редовни професори во Република Македонија. А, мислам дека тоа ќе ни се случува во иднина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 15, воздржано 1, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 145 став 1 поднесен од пратеникот Фијат Цаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, господин Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници, за гласале 3, воздржани нема, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член на 146 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Фијат Цаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, господинот Рушити.

Повелете господине Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 7, воздржано 1, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член на 147 став 2 поднесен од пратеникот Тале Герамитчиоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот, господинот Рушити.

Повелете господине Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господин Герамитчиоски, повелете имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Не ни очекував дека ќе го прифатите, бидејќи претходно ќе си исфабрикувате професори колку што ви треба во повисоко звање и нема да има проблеми воопшто.

Овде станува збор за почит и респект кон луѓе кои оставиле печат во високото образование и научно истражувачката работа во Република Македонија. Само за јавноста и за пратениците, доколку се заинтересирани, не можат да бидат трпеливи уште за пет амандмани, за они има тука и пензионери кои уште работат, за нив е амандманот.

"Престанок на работен однос поради исполнување на услови за одење во пензија". Член 147, став 2, пишува "Редовен професор во пензија може да изведува студии од трет циклус или да работи на научно истражувачки проект под услови определени со статутот на Универзитетот, односно на самостојната високо образовна установа". Јас предлагам на втор и на трет циклус.

Внимателно министре, ако сте доследни, да бидете до крај доследни. Што е со приватните универзитети? Ќе ја спроведете контролата. Таму ова редовно се случува. Озаконете го тоа, да немате проблеми, бидејќи ќе ви "дишеме во вратот". Вака, не дозволувате тие да бидат во работен однос во постојниот циклус, прв, втор и трет. Сега предлагаме втор и трет циклус, редовните професори кои се во пензија, на приватните факултети 80% се во пензија. За нив не важат работните односи? Тогаш, спроведете ја контролата и ќе треба да ги затворите. Или, да им ја одземете акредитацијата. Бидејќи сите таму, пензионирани професори, работат.

Ние ги почитуваме нив, редовен професор не се станува преку ноќ, барем до сега не се стануваше. Повеќемина од нив се во одлична физичка и психичка кондиција. Би била штета за квалитетот на високото образование во Република Македонија доколку тие останат неискористени. Што е со академиците во МАНУ? И ним им забранувате да бидат вклучени во магистерските студии. Нешто што земја и со поголема традиција не би си го дозволила.

Едноставно, ако не го прифатите амандманот, тогаш отворате Пандорина кутија. Тогаш ќе може да се поставува постојано прашање зошто немате еднаков аршин кон приватните и државните универзитети? Зошто на приватните универзитети може да се држи настава и со тие пријавени се добила акредитација за работа на таа установа и сеуште се држи решението за таа установа?

Да не прејудицирам, ама законов е зрел за пред Уставен суд.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе. Почитуван министре, почитувани колешки и колеги пратеници,

Во поддршка на амандманот поднесен од колегата Герамитчиоски, само да потсетам на некои од дискусиите што ги имавме претходно, една од двете крупни наши забелешки кон овој закон, една знаеме е ударот кон автономијата на универзитетот што се прави со три члена и ова е втората покрупна забелешка, тоа е фаворизирање на приватните факултети во однос на државните универзитети.

Не е лошо, кога ја стимулираме конкуренцијата и не е лошо кога државата создава амбиент за поголема експанзија на приватно високо образовни установи, но лошо е тоа кога го прави на штета на квалитетот. Го прави на штета на традицијата што постои кај високо образовните установи, како дел од системот на државните универзитети во Република Македонија.

Да е ова политика на Владата за стимулација на приватниот сектор и на приватната сопственост, би разбрал, но во услови кога Владата сака да приватизира она што е продадено или да го подржави она што е приватизирано, не ми се совпаѓа со овој концепт што го гледаме во Предлогот на закон за високо образование.

Зборувавме за неколку членови со што се прави фаворизација на приватните универзитети за сметка на државните, а во овој случај се ослабува квалитетот или се прави нерамноправен однос помеѓу приватните високо образовни установи и државните, со тоа што редовните професори што имаат 66 годишна возраст не ќе можат да изведуваат настава на после дипломски студии. Не мислам дека сме пребогати со знаење и со луѓе и со човечки ресурси за да си дозволиме луѓе кои се 66 години, со 67 години возраст ќе им го ускратиме правото да продуцираат нови кадри.

За жал, овој закон, како да го носи духот на една погрешна перцепција што постои во ВМРО-ДПМНЕ на која што сака да ја реши јавната администрација, а тоа е "да им се исече" главата на сите оние кои имаат над 55 години и сите нив да ги пратиме во пензија. И тука, како на ВМРО-ДПМНЕ да му пречи тоа, па професори, етаблирани со многу знаење, кои имаат 66-67 години и повеќе да им биде ускратено правото да држат настава на после дипломски студии. Да не одам понатаму, претседателот на Собранието не знам дали има после дипломски студии на нивниот факултет, да му го ускратите правото да продуцира кадри, а мислам дека имаат што да понудат сите тие професори, имаат знаење што можат да го понудат, но и искуство во однос на креирањето на нови кадри кои треба да помогнат во развојот на Република Македонија.

Јас знам дека ова е неуставно. Тоа го знаеме сите. Искуството овде во Парламентот не научило кои работи се неуставни од аспект на нерамноправен третман или оневозможување на еднаков третман кон граѓаните на Република Македонија. За тоа зборуваше, добар пример

даде господинот Тале Герамитчиоски. Не може еден приватен факултет да ја добие акредитацијата затоа што има пет професори од 66 години и на тој начин запишува, зема по 2500 евра за семестар или за година, а Државниот универзитет после дипломскиот процес го осакатиме со тоа што редовни професори кои имаа 66 или 67 години немаат можност да предаваат и да пренесуваат знаење. Сите тие, не само што се етаблирани во македонското општество, туку и во меѓународното и мислам дека е преголема импровизацијата или е преголема диструкцијата што се прави во овој случај кон редовните професори што ги исполниле условите за старосна пензија, но и по знаењето и по искуството и по виталноста и те како можат да и пружат на оваа држава уште многу.

Да не зборувам за топло-ладно политиката што се прави кон МАНУ. Тогаш, кога премиерот ќе сака да добие некој поен, тоа го прави во контактите со МАНУ. Но, од друга страна, кога реално нивното знаење треба да се преточи во пракса, им се ускратува можноста да бидат носители или да бидат ментори на после дипломските студии на некои факултети во рамките на Државниот универзитет.

Мислам дека стимулацијата за дисперзирање, децентрализација или трансферот на образовниот процес од Скопје кон другите места, како што беше иницијатива за Штип, на оваа Влада, не оди во прилог на обезбедување кадри што пренесуваат знаење на тој универзитет. За жал, не сме толку богати со знаење или со луѓе кои имаат такво знаење и искуство за да можеме да импровизираме во овој дел. Навистина, една погрешна одлука на Владата, на Министерството во овој закон за високо образование, што не сакам да навлегувам во одлуките на Уставниот суд, но една од точките што ќе бидат поднесени претставки до Уставниот суд ќе биде и оваа за апсолутно нелогичната одлука да се направи дисктинција помеѓу правата на еден 66 годишен редовен професор на приватен универзитет и на Државниот универзитет.

Затоа, да го охрабрам парламентарното мнозинство дека нема да направат никаква штета ако го поддржат овој амандман на колегата Герамитчиоски. Со прифаќањето на овој амандман можат да добијат многу млади кадри, многу млади кадри можат да започнат научна работа предводени од ментори кои имаат огромно искуство, без разлика дали се од МАНУ или се од некој од државните универзитети во Република Македонија.

Се надевам дека кога парламентарното мнозинство ќе притиска да избира меѓу Владата и знаењето, ќе го одбере знаењето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Сулејмани има реплика три минути, повелете.

**Фадил Сулејмани:** Начелно се согласувам со предложениот амандман од господинот Тале Герамитчиоски, што е во интерес на развојот на нашите високо образовни установи и создавање нов научен кадар, кога имаме предвид една армија професори на возраст од над 65 години, но и потребна стручно научна подготовка, со долго работно искуство на универзитетите во нивната професија како стручњаци и експерти. Овие граѓани ни се потребни, потребни се нашите универзитети, на нашиту факултети. Нивното знаење да не се изземе од таму каде што е преку потребно. Тоа не може да се спореди со еден нов кадар од аспект на нивното искуство, на нивното знаење, професија, кои цел живот го посветиле на нивното стручно усовршување. Од нив ќе добиеме многу. Доколку и од лекарски аспект се здрави, не треба да им се забрани да предаваат, туку напротив тие треба да се вклучат во наставниот процес на универзитетите и во вториот и во третиот циклус и во пост дипломските студии да им дадеме не еден, туку 2-3 асистенти, да ги подготват нашите асистенти, да ги научат, со што ќе создадеме еден нов научен кадар.

Значи ние како држава имаме недостаток на кадар имаме застарен кадар со искуство и ни треба најмалку не само да ни го дадат знаењето, туку да создадат нов научен кадар, оставајќи соодветен број асистенти и пренесувајќи го своето знаење на младите. Не треба од тоа да се плашиме, туку напротив треба да го поддржиме. Затоа, јас ќе гласам за овој предложен амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Сосема накратко би сакала да дадам поддршка на овој амандман, дотолу повеќе што овој амандман не се однесува, оние професори кои имаат наполнето 65 години старост да можат да останат и да предаваат на факултетот односно на наставата за додипломски студии, туку со амандманот на почитуваниот колега, значи за да нема недоразбирање, уште еднаш го обаснувам тоа, иако колегата го објасни, се бара овие професори кои имаат над 65 години старост да можат да држат настава на втор степен односно магистериум и да можат исто така и на третиот циклус, како и да можат да работат на научно истражувачки проекти.

Сосема е логично професорите кои имаат над 65 години старост да можат да продолжат во високо образовните институции каде го поминале целиот свој живот и извадиле многу кадри од тие области, да можат истите тие кои имаат желба понатаму да се надградуваат односно да се занимаваат со научна истражувачка дејност, да можат кај нив да ги продолжат поздипломските студии и да се здобијат со звање магистар и доктор на науки. Не е логично овие професори, наместо да останат на универзитетите каде предавале во изминатиот период, беше спомнувано дека нам такви кадри ни се потребни и не можеме во овој момент да се лишиме од

нивното знаење, да го напуштат универзитетот каде го поминале целиот работен век и извадиле генерации и генерации студенти и да поминат на приватните универзитети и таму, ве молам гледајте го парадоксот, не да бидат ментори односно да водат студии од втор циклус, поздипломски студии, туку во приватните универзитети можат да предаваат на студенти од прв степен односно на додипломски студии. Мислам дека тоа не е добро и очекувам дека парламентарното мнозинство добро ќе размисли пред да ги стегне копчињата затоа што од особена важност е, како што кажав, овие професори кои имаат огромно знаење и искуство да можат да им го пренесат, не на студентите, туку на тие кои сакаат да го продолжат своето школување на постдипломски студии и докторантите. Значи, логично е тие да ја имаат таа можност.

Ако се однесуваше тоа на првиот степен и јас би била против затоа што сметам дека навистина професорите кои предаваат на студенти, со наполнувањето на 65 години, првиот став од членот 147, добро го решава тоа, значи до крајот на годината можат да ги довршат студиите и после тоа може да одат во пензија. Верувајте дека не сите професори ќе продолжат на вториот степен, ќе продолжат оние кои се најквалитетни и кои имаат знаење и оние кои студентите ќе ги изберат за свои ментори, значи, ќе продолжат да предаваат односно да држат настава студентите кои се запишани на постдипломски студии.

Направивме една грешка со Академијата кога на академиците не им се дозволи менторство во Академијата и ги оставивме тие да мора да зависат од некој институт па оттаму да ги земаат постдипломците или докторантите па да им бидат ментори, една непотребна збрка затоа што се сметаше дека академиците, за нив е нешто недостојно да бидат ментори, било на постдипломци или докторанти. Од друга страна, јас и тогаш кажав и сега ќе кажам дека нема ништо поблагородно, ништо похумано, ништо почовечо, ништо повозвишено од своето знаење кое што го имаат еминентните професори и академици, да им го пренесат на другите, мислам на оние кои што сакаат тоа да го направат. Мислам дека тоа е и нивна многу значајна задача. Се друго би било само лично надградба. Но пренесувањето на знаењето на генерациите кои што доаѓаат по нив на оние што сакаат да ги заменат, што сакаат да се занимаваат со научна истражувачка работа, навистина е многу значајно. Токму поради ова очекувам дека колегите од парламентарното мнозинство ќе дадат поддршка на овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам.

Уште на почетокот ќе истакнам дека и јас ќе гласам за овој амандман предложен од колегата затоа што ценам дека сепак на професорите кои ги исполнуваат условите за пензија, значи 65 години старост, по прекинот на работниот однос би било добро да им се остави простор за понатамошен ангажман, меѓутоа не врз основа на работен однос, се разбира врз основа на други законски основи, за одвивање на настава во вториот односно третиот циклус на студии.

Доколку предлагачот во член 147 во став 2 создал простор овие професори на оваа возраст да можат да вршат работа од третиот циклус на студии, ќе кажам не знам која е причината оваа група на професори кои го исполнуваат овој услов да не можат да предаваат или пак да работат или да вршат научно истражувачка работа, поготово во овој циклус на студии кога се има предвид фактот дека сепак и вториот и третиот циклус на студии, според природата или карактерот се научни циклуси.

Потполно се согласувам со тоа дека не треба да им се дозволи или пак не треба да им се остави простор на оваа група на професори во овие услови да не можат да предаваат во првиот циклус на студии, меѓутоа искрено ценам дека на вториот и третиот циклус треба да им се овозможи на оваа група на професори да предаваат.

Сакам да истакнам уште нешто. Имено доколку внимателно се разгледува овој став во член 147 со самиот факт што ќе им се дозволи, не се подразбира под автоматизам дека тие ќе бидат и ангажирани од причина што оваа формулација вака како што е дадена во овој став од овој член само создава можност, се разбира со предвидените услови со статусот на универзитетот, или пак на некоја друга образовна установа, оваа група на професори да може да се ангажира во третиот односно во вториот цилус на студии.

Уште еднаш ќе кажам дека јас ќе го поддржам овој амандман затоа штоценам дека според природата односно карактерот вториот и третиот циклус не се разликуваат многу.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот министер, повелете.

**Сулејман Рушити:** Тука се спомна од страна на некои пратеници дека тие професори ги почитуваме и тн. Јас сметам дека токму поради тоа професорите кои наполниле 65 години старост и се пензионирани имаат можност и право да бидат вклучени во третиот цилус.

Ве молам да разберете едно. Вториот циклус не е ист како магистратурата класична што ја имавме порано. И првиот и вториот циклус се образовни, а третиот циклус е докторат каде менторот може да биде, професор над 65 години. Тоа не значи дека тие целосно се исклучени од научно истражувачката дејност.

Постои една разлика помеѓу класичното и сегашното и затоа сметам дека на докторските студии тие ќе продолжат да бидат ментори на докторантите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Герамитчиоски имате збор.

**Тале Герамитчиоски:** Господине министре едноставно тоа не е точно, погрешно ви е сугерирано.

Болоњската декларација на почетокот ја имаше таа идеја магистарските студии да се вклучат до додипломски студии како редовни студии. Но, понатаму се тргна уште понапред. После Берген, министерската конференција на европските министри се заклучи дека и третиот циклус на докторски студии што се воведува, што дотогаш беше само идеја за внесување на трет степен на докторски студии, стана составен дел на академското високо образование.

Во вашиот закон што толку инсистирате на вашите концепции, само да ви ги цитирам членовите кои се потврда на тоа што го зборувам. Има дистинкција помеѓу прв, втор и трет циклус на образование и не е точно дека е облигаторен вториот циклус на образование. Може до три, до печлр звање да си заврши и да конкурира на пазарот на трудот. Значи, во член 93, циклуси на високо образование каде се дефинирани пишува - студиските програми за стекнување на образование се распоредуваат во три циклуси на високо образование, прв циклус на универзитетски студии, втор циклус на униерзитетски студии, трет циклус на докторски студии. Секој цилус на унвиерзитетските студии завршува со стекнување на одреден назив. Одредени студиски програми може да се реализираат интегрирано низ првиот и вториот циклус. Секој циклус н студии мора да биде во согласност со европскиот кредит трансфер систем на пренос и акумулација на кредити, според кој за една година на студии по правило се стекнуваат 60 ектс кредити. Во член 94 во членот 95 и во членот 96 секој од цилусите се дефинира, кога толку милувате да се повикувате на Шведска. Таму немаат ли право редовните професори да бидат во трите циклуси на образование и после пензионирање? Имаат право. Не може сега некогаш да се повикувате на Шведска, тогаш кога ви одговара, а на Република Македонија кога не ви одговара. Ако сакате повисок квалитет, тогаш ќе им оставите. Ова што го предлагаме ние, пиочитуван министер не е облигаторно. На пазарот на трудот, пред се ќе ги спасите приватните универзитети. Внимавајте, кога ќе поставуваме после пратенички прашања и кога ќе знаеме дека го кршите законот, дозволете да бидеме крајно некооперативни и да инсистираме преку другите форми да бидете казнети како институции зошто не го почитувате законот. Со ова ги спасувате приватните универзитети. Прифатете го. Ние не го ставаме тоа облигаторно. Ако универзитетот процени дека има недостиг на кадри, зошто за две три години да не ги ангажира во вториот цилус каде исклучително е повисоко нивото на материјата која се предава за магистарски студии. Зошто да не биде искористено нивното искуство, нивното реноме, поголема тежина. Посилен печат на квалитетот на образовниот циклус кој го спроведува институцијата, кој значи нешто во својата професија, кој с текнал и меѓународно реноме и име. На тој начин нашите универзитети и факултети ќе се здобијат за многу пократко време со поголемо реноме. Довербата на родителите, на стопанските субјекти кои вработуваат кадри и од приватните институции, ќе биде поголема кога ќе знаат какви се имиња, реномирани, се вклучени во тие циклуси, а не да се случува сега кулуарски, одредени стопански субјекти од пакост, кои распишуваат конкурси, да кажат од таа и таа приватна високо образовна институција не се примаат. Тоа се коси со законот. Тоа се прави од повеќе причини, но да не отвораме таа дебата, можам во неврзан разговор да ви кажам зошто тоа се парви, од субјективни причини. Но, дајте ние да не им дадеме, како законодавен дом, простор за такво нешто да не се отвора.

Во Република Македонија имаме, и Законот за пензиско инвалидско осигурување, јас не верувам дека има пратеник во овој состав на кој до сега не му дошла некоја групација на работници кои посакале таа одредба да ја пролонгираме, одредбата со 40 години стаж или 64 години старост за маж и 62 години за жена, да не биде кумулативно туку едниот услов да биде исполнет. Немате луѓе, групи кои 40 години стаж наполниле, а немаат старост и одвај чекаат да заминат во пензија, а Законот тоа не му го дозволува. Овде станува збор за друга групација. Овде станува збор за интелектуалци кои со години сме ги граделе. Бидете доблесен. Не мораат тие да бидат ангажирани, ништо не смета, не се коси со Уставот. Ако се повикувате на Уставот, вие веќе сте го прекршиле, бидејќи во трет циклус ги вклучувате. Вториот циклус уште не е изграден кај нас.

Почитуван министер, не може со законот, мислите дека реформите преку ниоќ ќе се спроведат? Ќе треба години и години да поминат. Дајте, почетните години кога секоја институција ги поминува оние почетни тешки чекори на конституирање и на воздигнување, нека бидат вклучени и овие луѓе кои ќе дадат позитивен импулс.

Јас апелирам до мнозинството, знам дека имате инструкција околу гласањето, но размислете, овде ништо не е злонамерно, ќе ги спасите и приватните универзитети да не имаат инспекции каде ќе бидат казнувани ако професорите наполниле 64 или 65 години возраст, а ја имаат добиено акредитацијата врз основа на тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Има збор господинот Зоран Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам да бидам краток, бидејќи многу аргументи веќе беа кажани.

Сепак и пред се сакам да апелирам до припадниците на мнозинството на парламентот да се изгласа овој амандман затоа што освен пазарна логика јас во ова и не гледам друга логика зошто овој амандман треба да се прифати, а не гледам ниту една логика зошто треба да се одбие, бидејќи самите универзитети, доколку се

работи за квалитетни, а особено а дефицитарни кадри, ќе имаат потреба да понудат поголем квалитет, а со тоа сме и во контекст на кампањата на Владата - образованието е сила, образованието е моќ, бидејќи таквите професори ќе имаат можност конкурентно да се натпреваруваат и со помладите професори за постдипломските студии, пред се за магистерските на што овде се однесува и нормално за докторатите што и онака предлагачот го предвидел овој факт. Сакам да кажам дека самите универзитети, а особено приватните за кои зборуваше господинот Герамитчиоски ќе имаат поголем можност за избор на квалитет.

Се работи за специфична дејност, а особено се работи за дејност каде што многу често имаме дефицит на такви кадри. И оттука ценам дека само ќе се подобри квалитетот на законот доколку се прифати амандманот во постдипломските студии, во магистерските студии да се овозможи и на оние професори кои што по законот за пензиско и инвалидско ги исполниле условите за пензиско да можат и понатаму да вршат предавања и да бидат ментори на тие студии. Не гледам никаква логика, ниту пак министерот ме убеди со неговото образложение зошто не го прифаќа амандманот и оттука мислам дека и во функција на кампањата на Владата сепак ние да го прифатиме тој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Ќе бидам краток и концизен. Јас не се јавив ни еднаш за законот, има тука професори има многу постручни луѓе кои дискутираат на темата и тоа го почитувам. Но, би сакал по однос на овој амандман да кажам едно мислење кое што ќе е малку поразлично од она што го слушнавме до сега.

Почитувајќи ги сите ставови, почитувајќи дека луѓето, професорите кои што секако оваа држава и ова општество ги гаела во изминатиот период треба да бидат ценети и апсолутно почитувајќи дека вложиле многу дури и во сите нас, во нашето образование, во луѓето кои што сме тука и генерации, генрации други кои што доаѓале. Јас би сакал да проговорам во спротивна насока зошто мислам дека решението и не е така лошо за една девијација која што се случува, а тоа е еден значаен број факултети особено од општествените науки да имаме професори кои што не изградиле никакви генерации после нив односно не оставиле никаков наставнички кадар и потенцијал после нив, од едноставна причина во својата, ќе бидам директен, себичност и самобендисаност не успеале да извадат потенцијал кој што ќе може да ги замени. Значи се случува да имаме професори на предмети на правниот факултет, на економскиот факултет, на филозовскиот, на филолошкиот факултет кои што немаат пред се доценти кои што ќе можат да ги заменат, можеби имаат некој асистент и евентуално демонстратор за да им ги учинува техничите работи. И имаме значајни примери особено постдипломските студии на Правниот факултет каде што професори со 70 и нешто години предаваат по истите учебници по кои што предавале пред 40 години во услови кога темите за кои што предаваат се апсолутно далеку од реалноста, од фактите кои што во моментот постојат во меѓуародната наука, во меѓународната пракса итн. Тоа е така, не заради тоа што пазарот на труд е неселективен и несовршен, не заради тоа што пазарот на труд направил лош избор, туку заради тоа што пазарот на труд нема избор, заради тоа што на тие предмети едноставно заради начинот на однесување на тие луѓе нема избор. Има предмети на Правниот факултет на кои што не можете комисиски да полагате заради тоа што нема тројца професори од тој предмет или тројца луѓе кои се професор, асистент или доцент. Има предмети на Правниот факултет на кои што предаваат луѓе со 70 и нешто години од многу едноставна причина што не оставиле доцент или асистент после нив да го прави тоа истите луѓе предаваат и на постдипломски студии за тоа се соодветно наградени. Јас не го оспорувам нивниот квалитет, не ја оспорувам нивната стручност, многу ги почитувам, тоа се луѓе од кои што и јас сум учел, но тие се луѓето кои што треба да дадат насока за генерации да доаѓаат за да можат да образуваат нови генерации. И можеби ова е еден начин да тоа го стимулирам, заради тоа што спротивно решение од ова може да не однесе во таква себичност за да се доведеме во таква ситуација да има значаен број на исклучително значајни гранки кои што ќе останат непокриени со наставнички кадар. Значи, ќе повторам, не сакам да навредам никого, не сакам целосно да го оспорам амандманот, има многу логика во тоа што се кажуваше, но би сакал да апелирам и да го искажам овој аргумент и овој момент кој што е многу значаен и за квалитетот на образованието и за продложување на генерации и генерации кои што ќе можат и натаму да ги образуваат младите луѓе. Јас се извинувам што пред се говорев за Универзитетот Св. Кирил и Методиј за кој што сметам дека е во Република Македонија се уште број еден, но таму се примерите кои што сакав да ги посочам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има ли реплика?

Три минути реплика, а потоа збор?

**Тале Герамитчиоски**: Почитуван колега, вие ја искажавте најтемната страна која што постоела во минатото. Постои тоа, но со овој амандман се овозможува селекција од страна на факултетот да избере кој му одговара, кој не. Заради таквите аномалии кои што вие ги посочувате не можете да му ја затворите вратата на сите. Има голем број на луѓе кои заслужуваат да бидат ангажирани. Инаку, јас се сложувам дека има професори кои што во минатото на самиот матичен факултет му

правеле проблеми со пропусноста, со неадекватното однесување, не можеле да се ослободат од нив, едвај чекале да одат во пензија, но тие нема ни да ги ангажираат нив. Ова не облигаторно, ова е можност на факултетот да ангажира некого. Разбирате. Тука ако тој професор не добивал позитивна оценка и од своите колеги, и од управите кои што се менувале со години, и од студентите впрочем мала е државата се знае кој е кој, нема да биде ангажиран од страна на факулетот понатаму за до дипломските студии. Нема облигаторност. Така да ова што го зборувате како појава стои и никогаш не можете да се ослободите со ниеден закон од такви работи и секој си одговара, јас зборувам за онаа групација која што е реномирана кои што значат нешто во светот и за кој е штета Република Македонија да се ослободи од нив само заради старосната граница. И поразвиени држави за кои што зборува министерот Шветска, Норвешка, Франција, Германија со радост ги прифаќаат тие имиња, значајни, сега да постојат луѓе кои предаваат на застарен начин, но има луѓе кои што со својот брилијантен ум и те како можат да му дадат знаење на новите генерации. Така да ова не постои опасност некоја која што ја посочивте како негативна работа дека ќе се рефлектира натаму врз ангажманот нивни. Институциите самите ќе си го направат филтерот. Ова е давање на можност да го задржиме квалитетот инаку влегуваме во една трка беспоштетна, во која што тотуку испилени од сомнителни профили заради немање на некоја друга можнот, вие самите знаете дека си влегуваме во опасни води во која што високото образование само од аспект на профит го гледаме. И трка настаната по профит и што е многу опасно во однос на квалитетот кој што постои таму. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има ли контра реплика господине Николовски повелете вашата минута.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Со значаен дел од аргументите со колегата се согласувам и јас го кажав истото. Ќе повторам уште еднаш. Се извинувам на сите квалитетни и научни работници, професори кои што оставиле и оставаат зад себе, не сакам да се најдат во ова што го кажувам. Јас говорев за аномалијата која што колегата ја потврди, но би сакал да додадам уште една работа која што не ја кажав претходно, не ја спомена колегата која што е многу значајна за примерот, а тоа е дека на еден интересен начин успеваат овие луѓе имајќи предвид дека знаат дека можат да продолжат со работа и после условот за пензионирање, да не создаваат кадар кој што ќе ги наследи и да се доведеме во ситуација да останууваат доживотни професори. Дали се прави тоа во спрега со наставно научните совети, дали се прави во спрега со деканите тоа не можам да оценам, но е факт дека го прават тоа. А спротивно на нив, професорите, научните работници кои што оставиле многу зад себе, кои што ги знаеме за најквалитетни, за број еден оставија генерации, генерации кои доаѓаат, и на кои што се гордееме и кои што дури успеваат да станат подобри од нив и да станат подобри предавачи во она што го работат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Макрадули со вашата реплика.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе,

Па господинот Николовски го кажа она што и духот на законот, а тоа е како да се упадне на Универзитетот Св.Кирил и Методиј посебно на Правниот факултет. Тоа што ние го зборуваме три недели, бидејќи аргументите што ги даде тој не се однесуваат на овој амандман, ниту го решаваат проблемот тој што ги наведе. Или пак Правниот факултет што го зеде за пример, дека треба да упаднеме со “мајагери” на Правниот факултет и на Универзитетот Св.Кирил и Методиј. Мојата реплика е, уште денаш да прашам, како е можно или дали тоа од правнички аспект е издржано, да 66 годишен редовен професор може на приватен факултет да држи втор циклус, а не смее на државен. Тоа е нашата дилема и на тоа ние укажуваме. Зошто е нашиот амандман, да, ако еден 66 годишен редовен професор може да држи втор циклус на приватна високообразовна установа, да држи и на државна високообразовна установа. Затоа зборуваме дека ова е од неуставен аспект нашата дилема. А не да зборуваме кој каков кадар продуцирал, бидејќи господинот Тале Герамитчиоски тоа убаво го образложи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Николовски со вашата контра реплика.

**Александар Николовски:** Претседателе, жал ми е што така беше импрететирана мојата дискусија, значи јас ниту имам намера некоја институција, ниту имам намера да како беше кажано да правиме “мајагери” на Правниот факултет, напротив и мислам дека со колегата Герамитчиоски разменивме многу, многу по издржани факти и аргументи и ова беше пред се политичка дискусија. Јас лично не можам да одам против Правниот факултет заради тоа што тоа е мој факултет, јас сум го избрал, така што веројатно верувам во квалитетот на тој факултет и не би можел да го прифатам овој начин и тон на дискусија. Моите дилеми ги изнесов и мислам дека немаат потреба од понатамошна елаборација, а би сакал уште еднаш да се оградам од политичкиот дел од репликата заради тоа што мојата намера не беше таква и не би сакал натаму да коментирам, има на Правниот факултет исклучително, исклучително квалитетни луѓе кои што и ја создаваа оваа држава и создаваат генерации кои што доаѓаат и ќе доаѓаат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Благодарам претседателе.

Јас изнесувам мое лично мислење по однос на амандманот. Мислам дека е прифатлив и држи истиот амандман, би ги повикал колегите да го гласат, поради тоа што со овој амандман се овозможува да се продолжува процесот на добрите, квалитетните кадри без оглед на нивните години, да придонесуваат се додека можат во сите ставки на циклусот на високото образование. Затоа апелирам до моите колеги да го гласаат амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Макрадули, ви за збор се јавивте, повелете.

**Јани Макрадули:** Па добро, бидејќи колегата Николовски од ВМРО-ДПМНЕ не одговори на моето прашање, јас уште еднаш во една реченица ќе ја поставам дилемата на амандманот, зошто е можно 66 годишен редовен професор да предава на високообразовна институција во сите три циклуси на образование, а не може 66 годишен редовен професор да предава на втор циклус на државните високообразовни установи. Тоа е дилемата, нема тука политика, зборуваме за неуставност на решението дадено со законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Андов имате збор.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Ја следам со внимание целава оваа расправа околку претходниот и овој амандман и не гледам никаква причина овој амандман да не се усвои. Мислам дека амандманот содржи решение кое ќе им помогне на многу млади луѓе да дојдат до знаењата кои ќе им бидат на располагање, да си ја усовршат својата кариера, своето знаење, својот напредок. Не гледам ни една причина зошто се одбива амандманот и за тоа најдобро е ако може министерот да го прифати и ако не колегите сите треба да го гласаме овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Поповска, имате збор.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги.

Мене ми изгледа логичен амандманот и не гледам пречка зошто не би се прифатил. На ваков начин ќе се овозможи знаења кои што ги имаат луѓе, кои што се во пензија да можат и понатаму да ги пренесат на студентите. Тоа не значи дека ќе се отфрлат помладите или постручни ако некој не е доволно стручен. Ова само значи можност оној што има знаење, има желба, е во добра кондиција и до колку така одлучи раководството на факултетите и универзитетите да биде прифатен и да се даде можност тој да го пренесе знаењето, а помладите да го примат. Мислам дека работата е прилично едноставна, не ја сфаќам суштината на неприфаќањето така што мисла дека треба да се прифати. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата.)

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 23, воздржано 3, против 32.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 169 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Бесим Догани и Гарип Каба.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа, според тоа текстот на амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Господин Герамитчиоски побара процедурална интервенција, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Само да му соопштам на Парламентот. Со прифаќање на овој амандман ја доведувате директно уставноста на овој закон во прашање. Бидејќи една приватна институција ја ставате во порамноправна положба во однос на другите приватни институции ја ставате во закон. Погрешен е амандманот бидејќи тој универзитет може да стане и јавен државен универзитет за што тие на Југоисточна Европа, и тогаш се коси со законот. Значи, ова е договор во кој што логични работи не ги прифаќате за подобрување на текстот, а ова е само по договор што ќе ја доведе во прашање уставноста на законот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине министер.

**Сулејман Рушити:** Благодарам претседателе.

Должен сум да објаснувам. Значи, не е само овој амандман туку и на некои претходни амандмани кои се однесува до универзитетот на Југоисточна Европа кој го дефинира статусот на тој универзитет, а тој универзитет не е приватен универзитет, туку е непрофитно приватна установа која значи е основана со странска донација и нормално дека тие што донирале и се уште донираат во тој универзитет нормално е дека бараат и статусот на тој универзитет да се дефинира во законот.

Сметам дека после долги разговори и со претставници на меѓународната заедница кои директно инвестираат во универзитетот, дојдовме до една таква одредба која воопшто не се коси ни со закон ниту се чувствува, не гледам како се коси со Уставот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министер.

Повелете господине Макрадули со својата деловничка интервенција.

**Јани Макрадули:** Претседателе бидејќи амандманот се затвори со прифаќањето од страна на министерот, доколку има добра волја јас би сакал да го прашам дали со ова образложение што го даде, од тоа очигледно е дека Штуловиот универзитет излегува од системот со прифаќањето на овој амандман. Тоа значи дека не ќе може да се реализира кредит трансфер системот со таа високо образовна установа. Дали ќе важи тој дел или дали ќе можеме една година да слуша таму и да се префрли на некој од универзитетите во Македонија. Дали ќе биде дел од системот согласно со овој закон за високо образование. Се извинувам, можеби ова не е чиста процедурална, но е една моја дилема со прифаќањето на овој амандман, поднесен од пратеници од ДПА. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине министре, ваше е решението дали ќе одговорите или не, бидејќи расправата за амандманот се затвори, но мислам дека господинот Макрадули имаше добра волја да го постави ова прашање и добро е да го разјасниме.

**Сулејман Рушити:** Со добра волја и со добра намера ќе одговорам кратко дека да, или не, не излегува надвор од системот, не се работи за екс територијалност или нешто друго, туку се работи за дефинирање на правната рамка на постоење на таа институција. Сега, вие подобро од мене знаете кога се формираше оваа институција по какви прилики се формираше и по кои иницијативи. Нормално е, наше е ние да дефинираме во законот, да поставуваме правна рамка за таа институција. А, другите критериуми што се однесува до кредит трансфер системот ќе важат, нормално како за сите институции. Таа институции ќе продолжи да работи во склоп на законот за високо образование во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Јас мислам дека исцрпно и точно беше објаснувањето.

Преминуваме на следниот амандман.

Повелете, госпоѓо Јаневска.

**Весна Јаневска:** Навистина, е многу интересно процедурално имам прашање до министерот, не сум сигурна, но би сакала да го прашам. Дали во ваквото решавање на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово не се крие опасност, потоа и неговото излегување од системот, потоа сите приватни високо образовни установи да им дадеме право да побараат помош од државата по принцип на веќе овој воспоставен односно од финансирање од страна на државата. Ако воспоставиме еден ваков принцип, не знам министре, но затоа ве прашувам, дали можеби утре ќе ни се случи сите други приватни универзитети да речат по овој принцип ние бараме од државата, бидејќи вршиме високо образовна дејност, излегуваат стручни и квалитетни кадри, државата да се вклужи во финансирањето. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, јас пледирам да не се претвори сега оваа расправа во друга расправа односно во интервју на министерот, затоа што е расправата по амандманот затворена. Но, ако министерот изрази желба и на ова да одговори, нема зошто да не ја прифатиме таа желба.

Министре, од вас зависи. Инаку, процедурално можете и да не одговорите.

Тишина, се ќе биде во ред, не се нервирајте, нема причина за нервоза.

Господине министре кажете еден збор за да ја затвориме расправата.

**Сулејман Рушити:** Од почит кон пратениците, јас накратко и на господинот Макрадули му дообјаснував за што се работи.

Значи, краток одговор за другите приватни универзитети. Другите приватни универзитети кои се основаат од приватно лице, од физичко лице или од компанија кои се профитни организации имаат разлика од иницијатива која доаѓа или од внатре или иницијатива која доаѓа од Меѓународната заедница. А, знаете дека Југоисточноевропскиот универзитет е една странска иницијатива од меѓународната заедница, пријатели на нашата земја и мораше така да се дефинира, поради тоа што не е класичен приватен универзитет, туку е јавен интерес, но приватна непрофитабилна организација. Тоа е само едно додефинирање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Давам едночасовен прекин за ручек. Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,21 часот)

**Бесим Догани:** Почитувани пратеници продолжуваме со работа.

Госпоѓа Божиновска Валентина и госпоѓа Поповска Лилјана не се тука.

Отворам претрес по амандманот на член 170 за менување на став 1 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Рушити, повелете.

Да го прочитам уште еднаш.

Значи амандман на член 170 за менување на став 1 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги повикувам уште еднаш сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата. Истовремено ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да ги завземат своите места, продолжуваме со работа.

Бидејќи во салата се присутни 62 пратеници амамдманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 51 пратеник, од нив 9 гласаа за, воздржани нема, против 42.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 170 за менување на став 2 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Збор има господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван министер, почитувани колеги,

Амандманот се однесува на член 170, значи тоа е членот од преодни и завршни одредби во кој што Одборот за акредитација продолжува да работи во постојниот состав до именување на нови членови најдоцна во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон. Нашето логично прашање е зошто им го скратувате мандатот на постојните членови на Одборот за акредитација. Јас имам разговори неофицијални се разбира со министерот и тоа вели е во склад на концепцијата која што ја предлагаме. Ама во еден закон не можете да имате два различни аршини. Или имате бело или имате црно. Не може да имате еднаш бело еднаш црно како што ви одговара. Прочитајте долу во членот 176 на истиот кај преодни одредби. Ректорот, проректорот, декан, продекан, односно директор и заменик директор на високо образовна јавна установа избрани пред влегување во сила на овој закон продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на времето за кое се избрани. Е, зошто тие да можат да останат на функциите после изгласување на овој закон, а членовите на Одборот за акредитација и членовите на Агенцијата за евалуација да им го скратите нивниот мандат само на три месеци после влегување на сила на овој закон.

Почитувани колеги, па од авион се гледа дека се сака да се постигне политизација. И да не сакаме да веруваме еве ние значи сме злонамерни и само тоа во нашата уста е внесено политизација, политизација итн. Зошто различен аршин значи за тие две независни тела се скратува мандатот и ова е чист доказ дека е на повидок една страшна манипулација или акција од пошироки размери во кои што не се гледа крајот како ќе заврши. Значи треба да се најдат 15 нови послушници во Одборот за акредитација, Владата од нивните редови ќе си избере некој претседател на Одборот за акредитација, меѓу другото ќе извршат ревизија на сите високо образовни институции, ќе ги преиспитаат нивните решенија, оние кои што се подобните ќе поминат, неподобните нема да поминат односно во вака исполитизирана атмосфера во која што постојано се сее страв во Република Македонија ќе се уплашат. Има да изгласаат онака како што вели министерот или Владата без проблем, како што впрочем и се случува со судскиот систем каде што нечуено е министерот за правда се јавува директно кај некои судии за да им нареди како да се однесуваат по однос на одредени случаи. Нема основ за притвор, му кажува истражниот судија море има да го затвориш три дена инаку леташ. Нормално, бидејќи Судскиот совет се рекомпонира, внатре министерот за правда го има главниот збор, главната улога и ете ви. И ние да не зборуваме, малку ослушнете пред јавноста ќе ги добиете истите податоци ако сте мнозинство. Само малку преиспитајте разни случаи. Да не се враќаме како било во минатото. можеби и тогаш било така. Се бориме ли за подобра иднина, се бориме ли за минимална политизација во општеството или не. Ајде, лесно е да се каже и вие така правевте и овој правеше така и оној. Дајте тоа еднаш да го пресечеме.

Лесно е да се каже: и вие така правевте, и овој правеше така и оној. Дајте тоа еднаш да го пресечеме, дајте, кога носиме закони да биде објективно и еднаш да се минимизира можноста за политизација на тие тела. Зошто на овој одбор за акредитација му се скратува мандатот? Нема логично објаснување. Прво, луѓето кои што се внатре се еминентни универзитетски професори. Второ, на свој грб после донесување на законот за високо образование за многу кратко време извршија страшна работа. Пет нови приватни универзитети има во нивно време. Зачи, ја отворија вратата за либерализација на просторот на високото образование во Република Македонија. Тоа е макотрпна работа и треба да се испитаат сите услови. Се спротивставија на некои квази, или институционални форми кои што сака на мала врата да ги искористат слабите страни во постојниот закон, на пример Еуро колеџ од Куманово, или Свети Николе и Битола Славјанскиот универзитет, не им дадоа под силни притисоци акредитација, ама тоа Владата го направи во едниот случај. Дали сега тоа е казна за нив? Дали е ова казна бидејќи се дрзнале да напишат до Владата писмо во кое што им посочуваат дека не може на славјанскиот универзитет да им се даде акредитација, или времено решение за работа, бидејќи 10 одредби од Законот за високо образование се прекршуваат. Ве молам, можеме овде сега да се

јавиме 10 луѓе, 15 луѓе повторно да се јавиме да вергламе, не е тоа целта. Има прашања и има одговори. Пред разумен одговор и боговите молчат. Дајте еден разумен одговор надвор од она, нова гарнитура, сакаме ние да донесеме наши луѓе кои што ќе работат. Ова е независно тело. Овде не треба политиката да има улога. Овде треба да има стручност и компетентност е главен приоритет во вршење на оваа функција. Одборот за акредитација е алфа и омега на овој закон. Имплементацијата на законските решенија ќе оди само преку Одборот за акредитација. И Агенцијата за евалуација има големо влијание, за нејзе подоцна. Но, Одборот за акредитација е од круцијално значење за функционирање на системот во високото образование. Кажете само еден збор, забелешка, што досега тие луѓе не направиле за да се казнат. Немојте само со изговорот, значи, нов министер, нов закон, нова гарнитура, а истовремено во членот 176 сите други функционери кои што се избрани по стариот закон остануваат до крајот на нивниот мандат. Не може така. Или законот важи за сите, започнува имплементацијата за сите, или не. Не може за едни институционални форми вака, а за други така.

**Бесим Догани:** За реплика се јави госпоѓа Мирјана Секуловска.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам почитуван потпретседател. Колегата Герамитчиоски кажува според неговиот амандман. Но, јас ќе кажам дека амандманот не е издржан од следните причини. Станува збор за две различни институции, дека ректор и одбор за акредитација, односно евалуација, значи деканот и ректорот се избрани од вработените на непосредни избори. Различна е процедурата за избор на декан и ректор од процедурата за избор на одборите за акредитација, односно евалуација. Затоа и различен е приодот, односно пристапот во разрешувањето или прекинувањето на нивниот мандат од причина што деканите ги избрале вработените, ректорот исто така е избран по однапред определена процедура по стариот закон. И нормално и логично е тие да продолжат да бидат декани, односно ректори до завршување на нивниот мандат, бидејќи се избрани на непосредни избори. Додека одборот е нешто друго. Кога зборуваше и претходно колегата Герамитчиоски за одборите за акредитација и евалуација, јас да му кажам, бидејќи бараше пример од една европска земја, или соседна земја тука на Балканот. Ќе ја земам Република Бугарија и ќе му кажам дека во Република Бугарија во сегашниот актуелен закон за високо образование има посебна глава каде што стои. А во нашиот закон немаме таква посебна глава. Таму во актуелниот закон за високо образование во Република Бугарија има посебна глава каде што стои: функции на државата во управувањето на високото образование. Во тие функции колега Герамитчиоски на државата во управувањето на високото образование точно во тој дел се однесува на националната агенција за евалуација и акредитација. И таму убаво стои во Република Бугарија и сега така функционира како национална агенција за евалуација и акредитација и пишува дека е правно лице со буџетски средства. И затоа и таму начинот на избор на претставниците односно претседател и слично е сличен како кај нас во нашиот закон за високо образование, бидејќи тој е специјализиран државен орган за оценка, акредитација и контрола на квалитетот и точноста на дејноста со која што ќе се занимаат оние институции кои што практично ќе добијат акредитација, односно ќе бидат евалуирани од страна на таа национална агенција. Бидејќи сепак, кај агенциите, односно одборите за акредитација и евалуација сепак, стои печат и грб на Република Македонија. Државата гарантира за тоа што го работи како дејност на тие агенции, одбори за акредитација и евалуација и нормално е да биде поставен претставникот од Владата на Република Македонија, бидејќи всушност државата гарантира со печат и грб и знаме и се, сите симболи на државата дека станува збор за нешто кое што е потврдено по сите стандарди.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Кога се има желба само да се зборува контра, против и дали се имало аргументи, или нема аргументи, тоа е фрустрација, не можете да ја лечите така едноставно.

Прво, прочитајте го членот 69, акредитацијата ја врши Одбор за акредитација како самостојно тело. Член 70, Одборот за акредитација е составен од 15 члена од кои 8 од редот на професорите избрани на интеруниверзитетска конференција, а не именувани. Избрани се на интеруниверзитетска конференција, бидејќи на интеруниверзитетска со тајно гласање кај некои факултети се избираат од нивните редови кои ќе бидат делегати на интеруниверзитетската конференција. И сега јас не можам да ви помогнам кога не знаете.

За Бугарија, ако ви е поблиску таму отколку Република Македонија, јас не знам како е решено во Република Бугарија. Знам како треба кај нас да биде решено и како е решено во нашиот закон, во нашиот текст. Овде има над 50% од телото кои што се избрани. А еден член од МАНУ го делегира и шест члена ги именува Владата. Владата може да си ги менува како што сака, ама интеруниверзитетската конференција осумте ги избрала и ги делегирала во ова тело. И не може Владата да ги менува нив. Тие се обидоа да ги менуваат, но не успеаја и сега си најдоа во законот, на некој гение му текна, напишете го во одредби, три месеци заминуваат, ќе си донесеме наши луѓе. Во Македонија е силно инсталиран еден страв, еден силно изразен страв кај луѓето и тој страв на кратки патеки можеби ви носи резултат, ама на долги, не знам, времето ќе покаже.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата.

Бидејќи во салата имаме 62 пратеника, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, 10 гласаа за, еден воздржан против 48.

Констатирам дека Собрението не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 171 за менување на став 1, поднесен од пратениците Тале Герамитжиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука Сулејман Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот се однесува на истиот член, само за Агенцијата за евалуација. Истата постапка како за Одборот за акредитација. Немам намера да одземам од времето. Агенцијата за еваулација во иднина ќе има значајна улога во функционирањето и во склоп на имплементацијата на Болоњската декларација, односно заклучоците од последната министерска конференција во која што се наложи да се формираат регионални центри за евалуација во кои што Агенцијата за евалуација ќе ја има главната улога на овие простори. Таа ќе треба да изврши контрола на воспоставениот квалитет на високо образовниот процес. За тоа треба големо искуство, знаење и вештина. Ако постојните професори кои што се членови на Агенцијата за евалуација не ви се по волја, тоа јавно треба да го кажете. Баш живо ме интересира со кои други ќе ги замените и како тие ќе го имплементираат тоа?

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, 11 гласаа за, еден воздржано против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 174, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Рушити.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Процедурално, прескокнавте еден амандман. Член 171.

**Бесим Догани:** За менување на став 1, тоа го поминавме.

**Тале Герамитчиоски:** Во член 170 беа два. И сега на 171, за Советот.

**Бесим Догани:** Според сценариото јас имам 170 и 171.

**Тале Герамитчиоски:** Два се.

**Бесим Догани:** Момент, ако има некоја грешка, сега ќе видиме.

Бидејќи има мало недоразбирање, повторно отворам претрес по амандманот на член 171 за менување на став 1, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Повелете господине Тале Герамитчиоски, бидејќи Владата не го прифати овој амандман.

Ве молам, колеги за малку внимание, бидејќи за прочитани амандмани после и предлагачот сам не може да се слушне дека сум го прочитал.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван министер, колеги пратеници членот 171 се однесува на Советот за финансирање во високото образование. Значи, претходниот член ги дефинираше мандатите на Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација. А ова е за Советот за финансирање во високото образование.Значи, должен сум да кажам каква се не работа завршија луѓето. Инаку со овој предлог предвремено им се завршува мандатот. Ние имаме голем проблем во високото образование бидејќи од 1999 година е инсталиран во високото образование го нарекуваа тн. систем на Новковски во кој што заради тој систем на Новковски 450 до 500 луѓе заминаа од универзитетите со пензионирање без да има можност да бидат заменети со нов кадар. И тогаш се случи најголемата ерозија на високо образован кадар на универзитетите. Зошто? Бидејќи тогашниот министер Новковски започна да ги финансира универзитетите по вработен, значи работното место го поврза со извршителот и извршителот го запиша со матична евиденција. Кога тој заминуваше во пензија си ја земаше матичната евиденција со себе и тој им ги гаснеше средствата за тој извршител, затоа што барал мртви души вработени во универзитетот. Овој Совет за финансирање во високото образование тогашниот министер негираше дека е потребен ваков совет. Потрошивме година ипол на менување на законот за високо образование за повторно од Советот за финансирање да го

вратиме во законска рамка. Откако тој се конституира од универзитетски професори започнаа макотрпно да прават нова методологија и правилник за распределба на средствата. Правилникот е изготвен. Јас признавам од субјективни причини кои што не можам овде да ги изнесам, затоа што дебатата ќе се отвори многу нашироко, не беше донесен од претходниот состав. Но, тоа не значи дека нивниот труд треба да се занемари. Таму се внесени тежински коефициенти по примерот на сите европски држави кои што го применуваат јавниот начин на финансирањње на јавните државни универзитети. Да им се скрати мандатот, а да не се каже барем позитивно нешто што ентузијастички го завршија, би било некоректно од моја страна.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, од нив 11 гласале за, воздржани нема, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 174, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го поднесовме со најдобра намера, да не се случи можен правен вакум до воспоставување на докторските студии. Оние магистри кои имаат намера да ги поднесат своите докторски тези, а веќе ја започнале постапката, бидејќи, за оние кои не ја познаваат оваа материја, постапката е во две фази, да ја дозавршат постапката без да има било какви субјективни толкувања од страна на поедини високообразовни институции кои што, можеби, под изговор дека треба да се усогласат по овој закон, да воведат докторски студии, да ги одбиваат магистрантите, за да поднесат докторски тези.

Овде имаме сега едно спротивставено толкување на членот 174 што правиниците од Министерството го толкуваат поинаку. Ние сакавме да ставиме крај на различното толкување на вака правно формулираниот член. Доколку Министерството смета дека нема да бидат оштетени тие магистранти, нивна е одговорноста. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, од нив 10 гласале за, воздржани нема, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 176 став 1, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, од нив 7 гласале за, воздржани 2, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот за додавање нов член 176-а по членот 176, поднесен од пратениците Анета Стефановска, Мирјана Секуловска и Цветко Грозданов, амандманот за додавање нов член 176-а по членот 176, поднесен од пратеникот Славица Грковска и амандманот за додавање нов член 176-а по членот 176, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски се со слична содржина. Предлагам по овие амандмани да водием единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив посебно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, од нив 55 гласале за, воздржан 1, против 2.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 176-а по членот 176, поднесен од пратениците Анета Стефановска, Мирјана Секуловска и Цветко Грозданов, по амандманот за додавање нов член 176-а по членот 176, поднесен од пратеникот Славица Грковска и по амандманот за додавање нов член 176-а по членот 176, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец и Марјан Додовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, повелете.

**Сулејман Рушити:** Се прифаќа амандманот поднесен од пратеникот Анета Стефановска и со тоа сметам дека и другите два амандмани, поради тоа што се слични, се прифатени.

**Бесим Догани:** Значи, амандманите со слична содржина се прифатени и тие стануваат составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Господине Кондарко, бидејќи се согласивме да вршиме единствен претрес и се согласивме дека се со сличен текст, се прифаќа, во име на трите амандмани. Се работи за истиот член 176, за додавање нов член 176-а по членот 176.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 180-а по членот 180, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи е веќе содржан во претходните амандмани.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министре.

Амандманот не е прифатен со даденото образложение.

Збор има госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине потпретседателе.

Кога ме праша еден од пратениците зошто сум ги повлекла амандманите не стигнав вчера да одговорам и како ќе сум знаела што ќе биде прифатено, а што одбиено, еве сега имам шанса да одговорам, дека тоа го направив со нормален човечки разговор со министерот и службите од Министерството и, со исто така нормален човечки разговор без чаробно, односно волшебно стапче. Еве, дојдовме до објаснение што мене во суштина не ми било сосема јасно и не бев сигурна.

Согласна сум дека и претходниот амандман што го имаше господин Тале Герамитчиоски и овој амандман што јас го поднесувам се содржи во другите членови на овој закон, затоа амандманот го повлекувам. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитувани пратеници,

Од името на СДС, ќе го искажам нашиот став по однос на овој закон.

Оваа Влада, ова Министерство, за краток временски период даде две верзии на Законот за високо образование, втората фаза. Едниот е од јули 2007 година, што траеше до јануари 2008 година. Беше повлечен ненадејно и беше ставено оваа верзија на закон што ја разгледувавме овие три недели.

За верзијата од 2007 година, таа што беше дадена, за што имавме и комисиски расправи, дадовме безрезервна подршка дека ќе биде гласана од страна на СДС, да нема недоразбирање.

Во последен момент посочивме на неколку личности или на една личност во Владата, не знаеме точно, им текна на владина седница, а Министерството за образование не е под нивна ингеренција, да вметнат пет-шест одредби што сега драстично ја смениија концепцијата што се содржеше во верзијата 2007 година. Министерот е во право кога кажува дека станува збор за две различни концепции.

Ние, неколку пати посочивме, да се две различни концепции, добро. Но, оставиле и од првата и од втората концепција, измешано во последната верзија. Така што, има правна колизија. Времето ќе покаже какви се не правни проблеми ќе произлезат од имплементација на поедини членови.

Само да ви посочам. Ректорот, како управен оргран, орган на управување ќе си потпишува финансиски документи до одредена сума, над таа сума во нормалната верзија, предходна беше задолжен Сенатот, сега тој е претседавач со Сенатот, го застапува сенатот. Значи, до една сума ќе ги потпишува едните документи над таа сума, истата личност, ќе потпишува други документи.

Понатаму, има правни недоречености. За едни институции мандатот трае еден период, за други институции друг период итн.

Длабоко сме убедени дека постои едно сценарио за силна политизација на високото образование. Ќе ви кажам зошто. Да не биде напамет, само членовите.

Во членот 40 - Владата утврдува потреба за престанок на единица на јавен универзитет. Тоа може да се злоупотреби.

Член 51 - Сенатот нема претседател, нема право да предлага декан, т.е. директор на висока стручна школа.

Членот 53 - Ректорот не мора да биде вработен на Универзитетот.

Членот 54 - Ректорот раководи со Сенатот и го претставува Сенатот. Во истиот член ректорот избира и разрешува декани и директори сам, без некој да му поднесе листа или да има некоја облигација со законот да почитува некое мислење. Во законот пишува дека наставно научниот Совет ќе му даде некои предлози, но не мора да ги почитува и тоа е факт.

Членот 63 - Наставно научниот совет се маргинализира целосно. Бидејќи тој ќе предлага два - три кандидати, ќе се закараат луѓето внатре, ќе лобираат едни во однос на други, излезе листа од тројца кандидати, оној кој добил најмалку или воопшто некој кој ниту е на листата, ректорот ќе го назначи за декан. Дали е тоа добро решение, времето ќе покаже.

Членот 70 - Одборот за акредитација, претседател бира Владата.

Во членот 74 - Агенцијата за евалуација, претседател бира Владата.

Во членовите 170 и 171 - Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација, им ги скративте мандатите и на Советот за финансирање во восокото образование.

Во членот 107 и 116, каде по природен тек на нештата треба Универзитетот да се праша за "диплома саплемент" односно Интеруниверзитетската конференција вие одбивате да разговарате воопшто за таа тема и јас не знам зошто воопшто ќе постои Интеруниверзитетската конферанција.

Најважните работи, за кредит - трансфер системот и за диплома саплемент ја исклучувате од сугестијата при ваше одлучување.

Членот 147, за жал не прифативте еминентни професори, редовни професори кои се уште ја имаат онаа здравствена и психичка кондиција да дадат се уште висок придонес во високото образование ги исклучивте од вториот циклус на образованието.

Ако сето ова го сублемираме во неколку реченици, значи дека законот е драстично променет од онаа верзија што ја гледавме. Не можеме да го препознаеме. Гледаме само еден одличен заговор, рамка за промена на соодветни односи во областа на високото образование.

Би сакал овие констатации времето да ми ги побие, да ме негира. Нема да бидам посреќен ако е така, но за жал, нам не ни преостануваат никакви други инструменти освен од оваа говорница да посочуваме, да кажуваме дека се прекршува законот. И, се надевам, почитуван министер дека конечно ќе бидеме зрели да ги почитуваме овие законски одредби, па макар и да се лоши. За жал, минатото не дава некоја оптимистичка слика. Се надевам дека вие ќе го почитувате, пред се вие, законот и ќе постапувате во оние случаи што ние ќе ви ги посочувме дека се прекршуваат од страна на органите на управа, односно високообразовните институции со факти и нема да молчите. Барем ќе не удостојувате со одговори.

На крајот, СДС нема да го подржи овој закон, заради сите овие кажани работи ние ќе бидеме воздржани, нема да учествуваме во една скриена намера за политизација на високото образование. Се надевам дека ќе имаме можност за многу кратко време да ги промениме овие лоши членови во законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Господине министре баравте реплика, повелете имате три минути.

**Сулејман Рушити:** Почитувани пратеници.

По 15 дена дискусија по Законот за високо образование би сакал да кажам два - три збора во врска со законот. Барем од страна на опозицијата неколку пати слушнавме дека законот 90, па 85, па 80% е одличен, има некои забелешки што е нормално, демократски, секогаш кога се работи за така обемен закон да има и некакви забелешки.

Но, јас неколку пати повторувам и пак ќе повторам дека, кога се работеше законот, нормално и тие измени што и вие почитуван господине Герамитчиоски ги спомнувате, земени се некои успешни модели од европските држави, од европска држава што на некој начин има блиска традиција со нашата држава, а тоа е Словенија.

Не се работи за никаков обид за упад, туку нормално, се работи за една потребна реформа во државата.

За тоа дали сме зрели за европски закон, мислам дека мораме сите, прво како политичари, без разлика дали сме позиција или опозиција, да донесуваме закони и да не чекаме еволутивно да се реформира нашето општество, туку ние да креираме таква рамка за да нашите реформи бидат побрзи, да имаат некоја платфорам во која тие ќе се засноваат.

Би ве замолил, сите пратеници, да го подржите овој закон и сметам дека со тоа ќе имаме еден оптимален закон што ќе го реформира високото образование. Уште еднаш одговорно тврдам бидејќи неколку пати ме прашавте дали стојам позади овој закон, секако. Но, како што знаете, нормално е кога се креираат закони се земаат во предвид и моите сугестии и сугестиите на другите експерти и луѓе кои макотрпно работеле на подготвување на законот, се зеле предвид и сугестии од страна на експерти од меѓународната заедница за кои и вие спомнавте дека работеле, па нормално дека и тие велат, истото го тврдат дека има разни концепции. Ние се определивме за оваа концепција. Тврдам дека нема никаква скриена намера, нема никаква конспирација и мислам дека законот е добар. Затоа би ве замолил да го подржите и да го гласате. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министе.

Збор има госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван господине министре,

Вие се јавивте пред ние да завршиме со дискусиите. Нормално сакам да кажам дека го подржувам законот. Во ред, излегува дека ја прифаќам вашата сугестија, но шегата на страна.

Јас мислам дека законот во основа е добар. Правев консултации со повеќе претставници од високото образование кои на непристрасен начин го дискутираа законот, го разгледуваа и кои укажаа дека законот секако, во одредени сегменти би можел да биде и подобар, би можел да има и некои малку поинакви решенија, меѓутоа дека во основа законот е добар. Дека, за овој закон ќе се создаде подобра ситуација на факултетите и подобра можност за вистински натпревар на квалитетот каде што оние кои се поквалитетни ќе можат да бидат стимулирани и да одат напред.

Инаку, за волја на вистината, треба да потсетиме дека за време на оваа долга расправа, неколку амандмани кои што беа од опозицијата, кои што беа прилично битни според мене, беа прифатени и искрено мислам дека Владата ќе направеше добро да прифатеше уште неколку амандмани од опозицијата, кои што имаа аргументи и за кои што и лично јас сметам, дека беа добри, а за некои и гласав.

Но, сеопшто земено велам, мислам дека законот е добар, по извесно време по негова примена, ќе видиме дали има некаде недоречености и тука сме се што треба да поправиме.

Јас сакам само на крајот да обрнам внимание на спроведувањето на одредбата со која се регулира статусот на Универзитетот за Југоисточна Европа. Тој Универзитет е еден од најуспешните проекти, што во Република Македонија биле спроведени на планот на зголемување на меѓуетничката доверба и толеранција. Тој проект не смее да се уништи по никоја цена. Напротив, тој треба да опстои и да биде пример и за други такви проекти и за однесување во тој дух, затоа што да не заборавиме дека Универзитетот на Југоисточна Европа успеа во пост конфликт на Македонија да создаде заедништво помеѓу деца, млади луѓе од различно етничко потекло, деца кои што во едни добри услови за учење, за живот се зближија и се една јатка која што понатаму верувам, ќе го шири тој дух на толеранција и интегрираност во општеството.

Токму тој дух треба да се задржи, независно каков статус во иднина ќе има Универзитот на Југоисточна Европа.

Инаку, јас лично не сум убедена дека токму оваа формулација на јавно и приватно партнерство ќе го даде вистинскиот резултат. Според мое толкување и она што ни го дадоа стручњаци од таа област, тој Универзитет има специфичен карактер. Да не заборавиме дека тој е платен со средствата на холандските плаќачи на данок. Значи, тој е од холандскиот јавен сектор, како донација кон Македонија.

Значи, тоа нешто треба да се почитува и тоа беше направено со цел да и се помогне на Македонија во една специфична ситуација за да надмине една ситуација на меѓуетничка недоверба. Само би апелирала до Министерството за образование и наука, во иднина посебно да води сметка на натамошниот третман и развој на Универзитетот за Југоисточна Европа.

И дозволете ми уште една, можеби еретичка мисла во моментот да кажам. Мислам дека би било многу логично да почне да се размислува за соработка, макар со Тетовскиот универзитет, ако не и за некое идно зближување и поврзување и фузионирање во различни сегменти, можеби некогаш и целосно. Ова сум го кажувала и кога се избираше и се одлучуваше за Тетовскиот универзитет и редно е да го кажам и сега.

Мислам дека некои работи треба да ги правиме следени од логиката, од интересот на државата, на вкупната општествена заедница, а не од некои моментални, можеби, потесни интереси на одредена партија, или било каква групација.

Но, во секој случај, мислам дека законот е во целина солиден и јас во моментот ќе гласам за него, а ќе ги следам и спроведувањата и се разбира, доколку има потреба ќе иницираме промени. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Поповска.

Збор има госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам господине потпретседателе,

Ќе бидам исклучително кратка. Би сакала да сублимирам се што беше досега кажано од оние кои не сосема се согласуваат со понуденото законско решение.

Значи, законот кој ќе го донесеме денес, се коси со моите сфаќања, за она што се вика автономија во Универзитетот и комплетна демократска постапка во Универзитетот.

Значи, нуди централизација на моќ и власт. Има членови на конфлик на интереси. Не сум сосема сигурна, но мислам дека некои се косат со Уставот на Република Македонија.

Вакви закони постојат во развиените демократии, тоа е точно, и го потврдувам исказот на министерот, но во тие земји исклучително ретко се видела злоупотреба на ваков тип на закон.

За жал, кај нас во изминатите 18 години, и кога законот беше многу подемократски и кога поставувањето на автономијата на Универзитетот беше поголема и имаше злоупотреба на законот и се плашам дека вака како што е поставен законот, можностите за злоупотреба се зголемија.

Останува да го задолжиме министерот, и Министерството и Владата со подзаконски акти, со правилници, но и со одговорноста која ја имаат како назначени од ова Собрание, сериозно да водат грижа да не се случи она што се случуваше во минатото. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Јаневска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците, кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да го ставам Предлогот на гласање, ги повикувам сите пратеници кои седат во салата на Влада, да влезат во собраниската сала.

Бидејќи во салата се присутни 63 пратеници, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласаа 63 пратеници, од нив 50 гласаа за, 11 воздржани, 2 против.

Ги молам пратениците кои припаѓат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака).

Кој е за Предлогот, молам да крене рака?

Кој е против, молам да крене рака?

Дали има некој воздржан?

На седницата присуствуваат 11 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив, сите 11 пратеници гласаа за Предлогот.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за високото образование.

(Аплауз).

**Минуваме на точка 2 - Предлог на закон за генетски модифицирани организми.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Соња Лепиткова:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници,

Јас сосема накратко, во неколку збора би сакала да истакнам дека во прва фаза го разгледувавме Законот за генетски модифицирани организми и пред неколку месеци Министерството во Предлог законот, во изминатиот период ги вгради повеќето забелешки, дадени од страна на пратениците.

Имено, забрането е ослободување на генетски модифицирани организми во заштитени подрачја, во подрачја на еколошка мрежа, подрачјата наменети за производство на еколошки земјоделски производи и еколошки туризам. Воведени се заштитни зони кои го опкружуваат подрачјето во кој што се одгледува генетски модифицирани организми во природата, при што во овие заштитени зони е забрането ослободување на генетски модифицирани организми

Со таа цел, заштитата на работниците кои постапуваат со генетски модифицирани организми во Научниот комитет за генетски модифицирани организми, еден од членовите е експерт за заштита при работа.

Министерството не го прифати само предлогот, Предлог законот да има наслов за заштита од генетски модифицирани организми од причина зашто со овој закон се регулираат активности, кои што се многу пошироки од она што значи заштита, поради што останува на ставот дека законот треба да го носи предложениот наслов.

Воедно да истакнам во земјите членки на Европската унија, како и земјите кандидатки за членство, овој закон се нарекува со името Закон за генетски модифицирани организми, од причина што се работи за закон, со кој што се регулира една специфична област и материја, која во Република Македонија и кај самата македонска научна јавност која е релативно нова, поради тоа предлагаме законот да стапи во примена и да почне примената на законот од 1 септември 2008 година.

На крајот би сакала да истакнам, дека поради причини што за законот немаме поднесени амандмани од комисиите и од пратениците, јас се надевам дека со донесувањето на овој закон, се отвора простор на уредување на специфична материја и дека за ова поддршка имаме од земјите членки на Европската унија во помош на екипирање на самото Министерство, во искуствени и компаративни предности во оваа материја и дека ќе успееме од почетокот на наредната година веќе да работиме кон примена на самиот закон. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

Збор има господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Сакам да го искажам мојот став и ставот на пратеничката група на СДСМ, околу законот за генетски модифицирани организми. Точно е дека ние дадовме поддршка и на матичната комисија за Законот за генетски модифицирани организми, се со цел, законодавството од тој аспект да биде приближено кон Европската унија и кој што кореспондира со европската легислатива.

Меѓутоа, ние на самата комисија имавме неколку забелешки, кои што не се однесуваат на законот, туку се однесуваат на подзаконските акти, кои што Министерството за животна средина и просторно планирање, треба што може во побрз период да ги донесе, бидејќи вака донесениот закон за генетски модифицирани организми ќе биде бескорисен, доколку не се донесат и подзаконските акти.

Сметам дека и ова мое излагање е во таа насока да дадеме поддршка на Законот за генетски модифицирани организми и да апелираме до Министерството за животна средина и просторно планирање, во што е можно пократок рок да ги донесат подзаконските акти, како би можел овој закон подобро да се имплементира во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Серафимов.

Реплика има заменик министерот за животна средина и просторно планирање, повелете.

**Соња Лепиткова:** Немам реплика, јас сакам само да кажам на пратениците дека веќе во четврток имаме средба со експертите од Словенечката Влада, кои што со експертска помош и финансиска ќе ни помогнат да ги донесеме сите подзаконски акти и да ја регулираме експертски оваа свера.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо заменик министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање, ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 64 пратеника, 63 гласаа за, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за генетски модифицирани организми.

Тука ја заклучувам денешната седница.

Со Шеснаесто продолжение на 98-та седница, продолжуваме утре во 11,00 часот.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,40 часот)